# Службен гласник

## на Општина Струмица


| Број 1 | Среда, 05 јануари 2011 год. |
|---|---|

*www.strumica.gov.mk*


### С о д р ж и н а

**Градоначалник на општина Струмица:**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| **1.** | **Одлука** за организирање на јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистичкиот план за дел од блок 22 во Струмица ..................................... | 2 |
| **2.** | **Одлука** за организирање на јавна презентација по Нацрт - Детален урбанистичкиот план за дел од блок 22 во Струмица .......................................... | 3 |
| **3.** | **Решение** за именување на Комисија за спроведување на јавната презентација и јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистичкиот план за дел од блок 22 во Струмица ............................................ | 3 |

**1.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање- пречистен текст ("Сл.весник на РМ " број 24/08, 91/09 и 124/10 ) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл.гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна анкета по Нацрт – Детален урбанистички план за дел од Блок 22 од град Струмица**

1.Се организира јавна анкета по Нацрт – Детален урбанистички план за дел од Блок 22 од град Струмица со површина од 5,72 хек. и граничен опфат од јужна страна – улица број 16 по ГУП, од западна страна – ново планирана улица број 1, од север – улица број 11 по ГУП и од исток - ул. „Климент Охридски".

2. Одлуката за организирање јавната анкета ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, "Службен гласник на општина Струмица" и средствата за јавно информирање.

3. Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од објавувањето на Одлуката.

4. Нацрт – Детален урбанистички план за дел од Блок 22 од град Струмица со површина од 5,72 хек. и граничен опфат од јужна страна – улица број 16 по ГУП, од западна страна – ново планирана улица број 1, од север – улица број 11 по ГУП, од исток - ул. „Климент Охридски", ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. "Ленинова" во соба број 3.

5. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во "Сл.гласник на општина Струмица".

Бр. 08-8084/3 Градоначалник
05.01.2011 г. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...............................

## 2.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст ("Сл. весник на РМ" број 24/08, 91/09 и 124/10) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна презентација по Нацрт – Детален урбанистички план за дел од Блок 22 од град Струмица**

1. Се организира јавна презентација по Нацрт – Детален урбанистички план за дел од Блок 22 од град Струмица со површина од 5,72 хек. и граничен опфат од јужна страна – улица број 16 по ГУП, од западна страна – ново планирана улица број 1, од север – улица број 11 по ГУП и од исток - ул. „Климент Охридски".

2. Одлуката за организирање јавната презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, "Службен гласник на општина Струмица" и средствата за јавно информирање

3. Јавната презентација ќе се одржи на ден 21.01.2011 година во 11,30 часот во просториите на Дом на АРМ Струмица.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 08-8084/4 Градоначалник
05.01.2011 г. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................................

## 3.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" број 24/08, 91/09 и 124/10) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување на Комисија за спроведување на јавната презентација и јавна анкета по Нацрт – Детален урбанистички план за дел од Блок 22 во град Струмица**

1. За членови во Комисија за спроведување на јавната

презентација и јавна акета по Нацрт – Детален урбанистички план за дел од Блок 22 од град Струмица со површина од 5,72 хек. и граничен опфат: од јужна страна – улица број 16 по ГУП, од западна страна – ново планирана улица број 1, од север – улица број 11 по ГУП и од исток - ул. „Климент Охридски“.

ги именувам:

- Стојан Динев – Раководител на Секторот за урбанизам и комунални работи;
- Илија Шалев – претставник на изготвувачот на Нацрт – Планот; и
- Александар Цицимов – дипломиран архитект, надворешен член.

. 2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната презентација на 21.01.2011 година во 11,30 часот во просториите на Дом на АРМ Струмица, а јавната анкета во рок од 10 работни дена од денот на објавувањето на Решенијата за организирање јавна анкета.

. 3. Оваа Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-8084/5 Градоначалник
05.01.2011г. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.